Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

# РЕВИДИРАН СТРАТЕШКИ ПЛАН НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

## 2022 – 2026

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**Вовед**

Националниот младински совет на Македонија е чадор организација која што е основана во јуни 2013-та година. Во моментов во Советот членуваат 50 младински организации, организации за млади, сојузи и подмладоци на политички партии. Организациите кои што се дел од советот работат на различни полиња кои што се поврзани со младите, од невработеност и меѓукултурен дијалог, до корупција, здравствени прашања и неформално образование. Истите, иако се разликуваат по организациска структура и големина, се обединети под интересот да ги претставуваат младинските потреби и проблеми, застапувајќи за системски решенија кои ќе овозможат младите активно да се вклучени во процеси на носење на одлуки на сите нивоа.

Согласно сите тени на кои што работат и се застапуваат поединечните организации членки на НМСМ, практика на Советот е да воспостави заеднички приоритети кои што ќе бидат насока за заедничко работење и застапување а со цел унапредување на положбата на младите.

Од самото формирање на Советот беа изработени три стратешки плана со времетраење од три години. Во процесот на подготовка на новиот стратешки план за период од 2023 до 2026 беше изготвена евалуација на достигнувањата и реализираните активности од претходниот стратешки план Овој стратешки план претставува четврт стратешки документ на организацијата кој има за цел да биде основата при дефинирање на организациските приоритети и работата на организацијата во следните четири години.

Периодот 2020/2021 година несомнено влијаеше на целокупното општество а особено потребите на младите и младинските организации. Како резултат на ковид пандемијата, политичките процеси и промени како и моменталните младински трендови се појави и потребата од ревидирање на стратешката позиција и приоритети на Националниот младински совет на Македонија. Од една страна, пандемијата предизвика последици врз младите и младинските организации, младинската невработеност во 2021 е зголемена во споредба со изминатите години, потребата од пренамена на средства во здраствената заштита остави бројни младински организации без поддршка за остварување на нивните цели и приоритети и имплементирање на активности за и со младите. Од друга страна, донесувањето и имплементацијата за Законот за младиснки политики и младинско учество отвори можност за значајно позиционирање на младите во политичите процеси.

Овој ревидиран стратешки план има за цел да ги прилагоди целите и приоритетите на Националниот младински совет на Македонија согласно моменталната состојба,

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

младинските трендови и постоечките можности за унапредување на положбата на младите и младинските организации.

При креирањето на овој стратешки план, најпрвин беше направена анализа на најновите истражувања во однос на младите, младинското организирање и моменталните младински политики. Во втората фаза беше направена евалуација на Стратешкиот план на НМСМ 2021 – 2023 година која беше презентирана организациите членки на НМСМ на работна средба организирана во февруари 2022 година. На истата средба организациите членки беа консултирани и даваа сопствени предлози за прилагодување на стратешкиот план на моменталниот контекст. По завршување на овие процеси Управниот одбор и Секретаријатот на НМСМ заеднички ги дефинираа стратешките приоритети и цели на коишто Советот би се фокусирал во следните три години. Драфт стратешкиот план беше презентиран и финализиран на Генералното собрание на НМСМ во мај 2021 година.

Стратешкиот план опфаќа на стратешки приоритети, стратешки цели и активности. Во овој стратешки план се содржани три генерални стратешки области. Стратешките приоритети понатаму се поделени на по три стратешки цели согласно кои се издрафтани активности и индикатори за нивно постигнување. Стратешкиот план е табеларно прикажан на крајот од овој документ.

**Визија, мисија и цели**

Визијата на НМСМ е да создаде независен, автономен и инклузивен младински сектор кој ги претставува младите во Македонија.

Мисијата на НМСМ е да ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска со сите чинители и да обезбеди вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво.

**Целите на НМСМ се**

Зајакнување на улогата на НМСМ како претставничко тело на младите и младинските организации;

1. Поттикнување на процеси за креирање на соодветни политики кои овозможуваат социјален и личен развој на младите;
2. Застапување и делување во името на интересите на младите и младинските организации преку претставување на нивните интереси пред институциите;
3. Обединување и развој на капацитети на младинскиот сектор преку зајакнување и промоција на улогата на младинските организации;

Национален младински совет на Македонија
ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

4. Промоција на неформалното образование и поттикнување на креирање системи за поддршка на млади на локално и национално ниво;

5. Унапредување на положбата на младите во општеството преку:
    - Промоција и дејствување кон зајакнување на младинското учество во процесите на донесување на одлуки,
    - Промоција на младински активизам, младинско информирање и активно граѓанство помеѓу младите;

6. Унапредување на еднаквоста, третманот на младите, толеранција и демократијата кај и помеѓу младите.

Во остварување на наведените цели НМСМ ги застапува интересите на младите во Р. Северна Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничка и културна припадност, политички и верски верувања, сексуална ориентација, родов идентитет или било кој друг облик на разликување.

**Капацитети на НМСМ**

Со цел јасно дефинирање и прилагодување на потребите со можностите во рамки на овој стратешки план беше направена и SWOT анализа на Националниот младински совет на Македонија

**Силни страни**

- Доволно финансиски средства за вработување соодветен број на членови на Секреетаријат;
- Повеќегодишни проекти кои покриваат различни области;
- Финансиска стабилност;
- Географска распростанетост;
- Институционална препознаеност и препознаеност меѓу младите и донаторите;
- Добри работни услови;
- 50 членки (голем опфат);
- Децентрализација на простор;
- Повеќе комуникациски канали;
- Широка мрежа на соработници;
- Директна поддршка за млади и организации;
- Ресурси за младински политики;
- Организациски измени (програмско работње);
- Обезбедување финаниски средства за членките преку заедничко аплицирање на проект

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**Слаби страни**

- Користењето на одредени комуникациски канали: Twitter,Tiktok; LinkedIn, newsletter;
- Флуктуација на вработени;
- Потешкотии при регрутација на нови работени со соодветни знаења и вештини;
- Активно вклучување во политички процеси;
- Мал интерес од членки да учествуваат во НМСМ процеси и тела;
- Искористеност на Регионални канцеларии;
- Конуникација со јавност;
- Недостаток на институционална/оперативна поддршка;
- Опфат на млади од маргинализирани категории.
- Недостаток од комуникациска стратегија

**Можности**

- Градење на капацитетите на вработените;
- Можности за вработување на младите;
- Позиционирање на младите како релевантни чинители за општествено важни теми, преку механизмите предвидени во ЗМУМП;
- Интерес на нови младински организации за вклучување во НМСМ;
- Преку имплементација на активности од неформалното образование ќе се поттикне вклучување на младите во организираното младинско делување
- Приоритизирање на младите од донаторската заедница;
- Институционално финансирање;
- Регионална и меѓународна соработка;
- Децентрализација на активности;
- Обезбедување финаниски средства за членките преку заедничко аплицирање на проекти и/или проекти со регрантирање;
- Влијание во процесите на донесување на одлуки / членови во тела;
- Вклучување на студентски и средношколски форми на младинско организсирање.

**Закани**

- Проблемите со името во ЕМФ;
- Отселување и апатија на младите;
- Намалување на членството;
- Економска криза;

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

- Пост-Ковид состојба;
- Кризата во Украина;
- Политичка нестабилност во земјата;
- Корупција;
- Губење на интерес за учество во процесите на НМСМ на членките;

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ, ЦЕЛИ, АКТИВНОСТИ

### Стратешки приоритет 1: Поддршка и зајакнување за младинско организирање, развој на капацитетите и позиционирање на младинските форми на организирање

Од самото основање па до сега една од целите на Националниот младински совет на Македонија е активното претставување на младите преку организирани механизми во процесите на креирање политики на сите нивоа. Согласно ова, Националниот младински совет на Македонија се залага да биде претставничкото тело на младите во Република Северна Македонија а во овој процес најзначајна е соработката и учеството на сите форми на младинско организирање во работата на НМСМ. Членството на НМСМ брои 50 организации членки, сите тие работат на различни теми поврзани со младите и имаат различно ниво на развој. Советот во своето работење најмногу се фокусира на јакнење на капацитетите на организациите членки, но и на работните тела на НМСМ изнаоѓајќи различни начини, алатки, дисеминација на активности и соработка на национално и локално ниво. НМСМ располага со База на обучувачи кои што имаат свој мандат, како и регионални канцеларии на НМСМ кои се лоцирани во сите 8 плански региони на земјата во канцелариите на организациите членки на НМСМ. Исто така НМСМ континуирано ја гради и зацврстува својата соработка со младински здружувања, мрежи, форуми на национално, регионално и меѓународно ниво, особено тука истакнувајќи го полноправното членство и учество во активностите на Европскиот младински форум.

Еден од основните предизвици со кој се соочува организацијата во изминатиот период е и активното учество на организациите членки во работата на Советот, вклучувајќи и учество во работни тела и групи на организацијата, користење на мрежата за поуспешно застапување како и придонес при процесите на креирање политики во кои е вклучен Советот. Следствено, еден од стратешките приоритети на организацијата се фокусира токму на ова, воспоставување на цврста соработка помеѓу НМСМ и организациите членки, поддршка на организциите членки но и други форми на

младинско организирање со цел обезбедување на капацитети за нивно поактивно вклучување во организацијата.

**Стратешка цел: 1 (1.1) Зголемено учество на организациите членки на НМСМ во работните тела и процесите на НМСМ**

Организациите членки на НМСМ се основниот извор на прибирање на информации со цел креирање на политики релевантни за младите. Организациите членки на НМСМ се оние кои се во секојдневна комуникација со младите на терен, работат во сите општини во земјата и на најразлични теми. Активното учество на организациите членки во процесите и тела на НМСМ придонесува кон релевантно застапување на потребните на младите како и креирање на програми и политики базирано на информации и податоци.
Во оваа стратешка цел, НМСМ се посветува на креирање на механизми со цел полесна и поедноставна комуникација со организациите членки, воспоставување на механизми за заедничко делување и креирање на иклузивни и транспарентни процеси кои ги одразуваат потребите на организациите членки.

**Стратешка цел 2 (1.2) Позиционирање на НМСМ како активен партнер на сите форми на младинско организирање при креирање и имплементација на младински политики**

Националниот младински совет на Македонија во текот на својата работа постојано ги надградува своите капацитети и експертиза. Организацијата ги обединува и капацитетите и експертизата на сите 50 организации членки. Помеѓу организациите членки, зависно од нивото на развој постојат организациии  кои активно работат на специфични теми поврзани со млади и се позиционирани како релевантни чинители во општеството. Од друга страна пак, НМСМ има изградено тесна соработка со националните институции во Република Северна Македонија, ваквата соработка е можност за полесно и поуспешно застапување на потребите на организациите членки и младите.
Во рамки оваа стратешка цел, НМСМ активно ќе работи на поврзување на организациите членки кои застапуваат за исти цели или иста целна група, обезбедување на своите застапувачки капацитети за унапредување на политиките на организациите членки и активно вмрежување на младинските форми на организирање со цел заедничко делување и застапување.

**Стратешка цел 3 (1.3): Поддршка и јакнење на капацитетите на  организациите членки и други форми на младинско организирање**

Една од целите на Националниот младински совет на Македонија од самиот почеток па и понатаму е да ги поддржува младинските организации и младинските форми на организирање во нивната работа. Во текот на постоењето на НМСМ, честопати се појавува потребата од поддршка и јакнење на капацитетите на младинските

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

организации, особено на организациите членки на НМСМ. Советот континуирано ги користи својата позиција, капацитети и експертиза за да обезбеди оддржлив развој на организациите членки, но дополнително утврдена е особена потреба од поддршка на придружните членки со цел тие да се развијат и да бидат полноправни членки нма Советот. Креирањето на силен и оддржлив младински сектор придонесува кон позиционирање на младите како релевантни чинители во општеството и кон креирање на програми и политики кои ефективно влијаат на благосостојбата на младите луѓе.

Во оваа стратешка цел, НМСМ се фокусира на обезбедување оддржливост и силни капацитети на младинските организации. НМСМ ќе обезбедува финансиска, логистичка и поддршка во градењето на капацитетите на организациите членки и други младински организации со потенцијал да станат дел од членството.

## Стратешки приоритет 2: Зголемено учество на младите во процесите на креирање политки и носење одлуки на национално и локално ниво

НМСМ денес претставува најголемото претставничко тело на младите во земјата и е еден од клучните актери во полето на младинска политика. Советот е препознаен од институциите и промовира практики на значајно младинско учество. Дополнително искуството на НМСМ во пилотирање и имплементирање на иновативни механизми за младинско учество како и познавањето на националниот и локалниот контекст во земјата придонесуваат кон оддржување на препознатливоста на Советот и одржување на соработката со институциите. Со намера да се искористат капацитетите и позицијата на организацијата, НМСМ се залага кон значајно учество на младите во процесите на креирање политики и носење одлуки. Организацијата работи на креирање на политики базирани на докази но и прилагодени на контексттот и на потребите на младите луѓе.

Од друга страна, се забележува се поголема потреба организацијата да ја зајакне својата watchdog позиција. И покрај добрата соработка и вклученоста во креирањето на политики, од огромна важност е и активното следење на имплементацијата на различните политики и програми за млади, како и активното застапување за подобрување на политиките кои се однесуваат на младите луѓе. Дополнително и покрај забележливо зголеменото учество на младите и младинските организации во општествените и политичките процеси, во идниот период НМСМ ќе работи на креирање на механизми на значајно младинско учество во кои младите ќе бидат еднакви со носителите на одлуки и сите чинители се отчетни едни према други.

Во оваа насока НМСМ ќе работи да ги оствари следните стратешки цели:

**Стратешка цел 1 (2.1) Поддршка и мониторинг на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики**

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Законот за младинско учество и младински политики е првото законско решение кое овозможува активно учество на младите и младинските организации во политичките процеси на локално и национално ниво. Согласно анализата на имплементација на Законот две години по неговото донесување, се забележуваат одредени недостатоци во неговата имплементација. Институциите (особено локалните) не ги приоритизираат обврските кои произлегуваат од законот, додека пак стратешкиот пристап кон младите и младинските прашања недостасува на секое ниво. Како еден од клучните креатори на Законот, НМСМ има главна улога во осигурувањето на доследната имплементација на сервисите, механизмите и политиките за млади во законот. Покрај поддршката во имплементација, од особена важност е и мониторингот на имплементацијата на Законот како и активносто залагање за прилагодување на одредбите од законот кои не се соодветни за потребите на младите и младинските организации.

Во оваа стратешка цел, Националниот младински совет на Македонија се залага за доследна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, отчетност и респонзивност на институциите во процесот на имплементација како и активно информирање на младите за придобивките од Законот.

**Стратешка цел 2 (2.2): Пилотирање и промовирање на инклузивни и партициаптивни модели на младинско учество**

Согласно мисијата на организацијата, како и работата на организацијата во изминатиот период, НМСМ се залага за активно учество на сите млади во политичко-општествените процеси во земјата. Постигнувањето на активното учество претставува континуирано следење на потребите на младите и иновативност и креативност во креирањето на механизми за нивно учество. НМСМ ја познава потребата за керирање на механизми кои се прилагодени на трендовите на младите и младинските организации но кои истовремено се и соодветни за локалните и националните институции.

Во рамки на оваа стратешка цел, НМСМ работи на инклузивно и партиципативно вклучување на сите млади во работата и донесувањето на одлуки на ниво на Советот, но исто така креира модели на соработка и склучување на партнерства со институциите кои обезбедуваат учеството на сите млади, со посебен фокус на  млади во ризик (социјален, политички, економски,  здравствен итн.).

**Стратешка цел 3 (2.3): Позиционирање на НМСМ и организациите членки како релевантни чинители за претставување и застапување на потребите на младите**

Организацитие членки на НМСМ се клучни во комуникацијата помеѓу Советот и младите. Различните теми на кои работат организациите членки и девизиртетноста на експертизата која ја имаат организациите, како и нивната дисперзираност низ целата

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

земја се клучен потенцијал кој придонесува кон позиционирањето на Советот како релевантен чинител во креирањето на младинските политики. Но како предизвик се забележува заедничкото застапување и користењето на заедничите ресурси кон успешно претставување и застапување на потребите на младите.

Со оваа стратешка цел, НМСМ цели да ја задржи позицијата на препознаен и клучен актер во полето на младинската политика кој е консултиран и вклучен во сите актуелни процеси за застапување на младите во земјата. Својата улога во процесите пред институциите и останатите засегнати чинители ја зацврстува преку заедничка работа со организациите членки, размена на искуства и експертиза. Организациите – членки поддржани од НМСМ се вклучени во процесите на застапување во локалните политики.

## Стратешки приоритет бр. 3 – Зајакнување на општествената положба на младите и унапредување на младинскиот стандард и младинските права

Капацитетите со кои располага НМСМ овозможуваат активно работење директно со младите со цел подобрување на нивната состојба во општеството. Организацијата, во изминатиот период има стекнато експертиза и искуство за имплементација на програми и политики кои придонесуваат кон поголема благосостојба на младите. Анализата на потребите на младите покажува дека младите се соочуваат со проблеми со нивниот личен и професионален развој особено во периодот на пандемија и економска криза. Недостатокот на можности за развој на младите луѓе придонесува кон поголема миграција на младите луѓе но и се поголема апатичност кога станува збор за политичко-општествените процеси. Како организација која е посветена кон креирање активни млади луѓе кои се вклучени во општествениот дискурс НМСМ ќе работи на поддршка на младите и зголемување на младинскиот стандард во земјата.

Во рамки на овој стратешки приоритет, НМСМ се залага за благосостојба на младите во земјата, креирање и имплементација на програми кои го поддржуваат личниот и професионален развој на младите, обезбедуваат соодветен и непрекинат пристап до информации како и заштита на правата на младите.

### Стратешка цел 1 (3.1.) Поддршка и креирање на мжности за личен и професионален развој на младите

Ковид пандемијата предизвики бројни последици врз животот на младите луѓе и ќе остави ефекти кои ќе се чуствуваат во иднина. Бројот на млади кои мигрираат надвор од земјата континуирано е во пораст, забележан е и раст во младинската невработеност, а се забележува и недостаток на поддршка на младите за нивен личен развој, оддржување на нивното ментално здравје и можности за квалитететен живот.

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Во рамки на оваа стратешка цел, НМСМ ќе работи на креирање можности за развој на младите и подобрување на квалитетот на младите луѓе. Во соработка со организациите членки и институциите НМСМ ќе се посвети кон креирање на нови можности за поврзување на младите со бизнис секторот, креирање на политики за здравствена заштита на младите луѓе, особено во полето на менталното здравје, како и креирање на можности за активно учество на младите во нивните локални заедници. Дополнително, во рамки на оваа стратешка цел, НМСМ ќе ја искористи препознатливоста на организацијата помеѓу младите луѓе за промоција на постоечки и идни можности за развој на младите.

**Стратешка цел 2 (3.2.) Олеснет пристап на младите до информации за нивно активно учество во оштествените процеси**

Националниот младински совет на Македонија е организација која што е пропознаена од младите и младинските организации како ресурс и мрежа за поврзување со релевантни чинители. НМСМ располага со 4 платформи кои користат за информирање на младите за теми поврзани со вработување, волонтерство, практикантство, неформално и формлано образование. Сепак, голем дел од информациите не се лесно достапни, но и најчесто комуникациски не се прилагодени да привлечат внимание на младите луѓе. Пристапот до информации е клучен фактор кон креирањето на општествено активни млади кои придонесуваат кон развојот на заедниците и активно се вклучуваат во детектирање и решавање на младинските предизвици.

Во рамки на оваа стратешка цел, НМСМ ќе работи на редовно и навремено информирање за различните можности за млади кои се имплементираат од Советот и организациите членки, како и останати отворени можности за младите.

**Стратешка цел 3 (3.3) Поддршка и заштита на младите во остварувањето и унапредувањето на нивните права**

Правата на младите луѓе се тема која постојано се провлекува во работата на НМСМ, организацијата работи на застапување за квалитетно вработување, образование и пристап до информации релевантни младите луѓе.  Младите редовно се информираат за начините, методите, алатките за остварување, но и унапредување на нивните права.

Во рамки на оваа стратешка цел, НМСМ ќе работи на истражувања, анализи, изготвува и споделува информации, совети како и нуди можност за јакнење на капацитетите на младите и младинските организации во делот на остварување и унапредување на правата на младите, како и нивна заштита особено во време на криза, вонредни услови на делување во општеството, како и делување во услови на епидемија и пандемија. НМСМ, младинските организации и другите форми на младинско организирање ги јакнат своите капацитети и делуваат во процесите на креирање, следење и мониторинг

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

на законските решенија за/или релевантни за млади (младински стандард, младинска работа, волонтерство, практиканство, социјалните претпријатија итн.), а придонесуваат и во делот на обезбедување на еднаков пристап и информираност за квалитетно образование, социјална и здравствена заштита, како и квалитетно вработување на младите

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| Стратешки приоритет 1: Поддршка и зајакнување за младинско организирање, развој на капацитетите и позиционирање на младинските форми на организирање | | |
|---|---|---|
| **Стратешка цел: 1 (1.1) Зголемено учество на организациите членки на НМСМ во работните тела и процесите на НМСМ** | | |
| **Активности** | **Индикатори** | **Временска рамка** |
| 1. Retreat со организации членки | Најмалку 1 retreat (работна средба) со организации членки годишно | 1.1.2023 - 31.03.2023<br>1.1.2024 - 31.03.2024<br>1.1.2025 - 31.03.2025<br>1.1.2026 - 31.03.2026 |
| 2. Консултации со организации членки во процесите на креирање политики и застапување | Најмалку 2 консултативни средби годишно<br>Најмалку 2 Генерални собранија годишно<br>Најмалку 4 состаноци со организации членки за креирање политики | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 3. Билатерални состаноци со организации членки | Најмалку 20 состаноци годишно | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 4. Промоција на работата на телата на НМСМ | Најмалку 1 онлајн кампања за работата на УО годишно<br>Најмалку 1 онлајн капања за Надзорен одбор и комисија за членство годишно<br>Најмалку 1 кампања за организации членки годишно | 1.1.2022 - 31.12.2026 |

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 1.1.5 Вклучување на членките во мониторинг и имплементација на ЗМУМП и други политики за млади | Најмалку 1 анализа на имплементација на младинска политики со вклучени најмалку 8 организации членки | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| **Стратешка цел 2 (1.2) Позиционирање на НМСМ како активен партнер на сите форми на младинско организирање при креирање и имплементација на младински политики** | | |
| **Активности** | **Индикатори** | **Временска рамка** |
| 1. Поддршка на организации членки во застапување на нивни инцијативи | Најмалку 3 состаноци со институции (национални, локални) за застапување на иницијативи на организации членки годишно | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 2. Job shadowing со организации членки во области во кои сметаат дека имаат потреба за развој и унапредување | Најмалку 25 претставници од организации членки вклучени во job-shadowing програма во области согласно нивните потреби (5 годишно) | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 3. Имплементација на заеднички иницијативи и проекти со ОЧ | Најмалку 15 иницијативи имплементирани заеднички со организации членки; (3 годишно)<br><br>Најмалку 15 проекти имплементирани со најмалку 30 организации членки; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 4. Воспоставена соработка со студентски, средношколски организации (Универзитетски собранија/ средношколски унии) и локални младински совети | Потпишани најмалку 40 меморандуми за соработка со Универзитетски собранија, средношколски унии и ЛМСч | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 5. Посредување помеѓу младински организации и институции | Организирани најмалку 50 состаноци помеѓу организации членки и институции; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 6. Реализација на програми и активности кои ќе поддржуваат неформално младинско организирање (средношколски иницијативи, студентски иницијативи, средношколски заедници, неформални групи кои застапуваат за одреден проблем) | Поддржани најмалку 50 иницијативи на неформални групи на млади; (10 годишно) | 1.1.2022 - 31.12.2026 |

**Стратешка цел 3 (1.3): Поддршка и јакнење на капацитетите на организациите членки и други форми на младинско организирање**

| Активности | Индикатори | Временска рамка |
|---|---|---|

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 1. Анализа на потребите на организациите членки | Најмалку 1 проценка на потребите на организациите членки годишно | 1.1.2023 - 31.03.2023<br>1.1.2024 - 31.03.2024<br>1.1.2025 - 31.03.2025<br>1.1.2026 - 31.03.2026 |
| 2. Програма за градење на капацитетите на организациите членки и други форми на младинско организирање | Вклучени најмалку 50 организации;<br>Спроведени најмалку 15 обуки за организации членки и други младински организации;<br>Креирана програма за ментроство на организации членки (придружни члеки); | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 3. Грантови за организации членки | Доделени најмалку 25 гранотви на организации членки; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 4. Простор за организации членки и други форми на младинско организирање | Најмалку 500 настани организирани во просториите на НМСМ (МладиХАБ) од организации членки и младински организации; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 5. Технички ресурси за организации членки (креирање на стратешки документи, креирање на веб-страни) | Поддржани најмалку 25 организации членки;<br>Креирани најмалку 20 стратешки планови за организации членки;<br>Поддршка при креирање на најмалку 25 документи за застапување; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 6. Менторство на организации членки (In-house/job shadowing) и другите форми на младинско организирање | Менторирани најмалку 10 организации членки;<br><br>Менторирани најмалку 10 други форми на младинско организарање; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 7. Унапредување и ревизија на условите за аплицирање за членство и верификација на членство, како и обезбедување на дополнителни бенефиции за организациите кои навремено ги исполнуваат своите обврски согласно Статутот на НМСМ | Ревизија на условите за членство во НМСМ;<br><br>Најмалку 1 консултација со организации членки за ревизија на условите за членство и верификација;<br><br>Креирани најмалку 3 предлог измени на Статут;<br><br>Креирана политика за поддршка на организации членки согласно нивниот придонес и респонзивност према НМСМ; | 1.1.2022 - 31.12.2022 |
| 1.3.8 Креирање и имплементација на програма за работа со регионалните канцеларии на НМСМ | Креирана унифицирана програма за работа на регионалните канцеларии;<br><br>Обезбедени финансиски средства за имплементација на програмата за работа на регионалните канцеларии; | 1.1.2022 - 31.12.2022 |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| Стратешки приоритет 2: Зголемено учество на младите во процесите на креирање политики и носење одлуки на национално и локално ниво | | |
|---|---|---|
| **Стратешка цел 1 (2.1) Поддршка и мониторинг на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики** | | |
| **Активности** | **Индикатори** | **Временска рамка** |
| 1. Поддршка на организациите членки во процесот на иницирање на Локални совети за млади | Поддржани најмалку 20 организации членки за формурање на ЛМС;<br>Најмалку 30 претставници од организации членки на НМСМ членови на ЛМС; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 2. Поддршка при отварање на Младински центри | Поддржани најмалку 10 младински центри;<br>Најмалку 10 организации членки на НМСМ вклучени во младинските центри; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 3. Програма за градење на капацитетите на членовите на ЛМС | Спроведени најмалку 5 обуки за претставници на ЛМС;<br>Зајакнати капацитети на најмалку 100 претставници на ЛМС; | 1.6.2022 - 31.12.2026 |
| 4. Програма за градење на капацитетите на младинските службеници | Најмалку 5 обуки за градење на капацитети на младинските службеници;<br>Зајакнати капацитети на најмалку 50 младински службеници; | 1.1.2022 - 31.12.2024 |
| 5. Годишен мониторинг на имплементацијата на законот | Спроведен 1 мониторинг годишно; | 1.1.2022- 31.12.2026 |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 6. Верификација Регистарот на младински чадор организации, младински организации и организации за млади | Месечни состаноци со АМС за Регистарот на младински чадор организации, младински организации и организации за млади; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 7. Редовно застапување за унапредување на одредбите од ЗМУМП | Најмалку 10 препораки за унапредување на ЗМУМП;<br>Најмалку 10 состаноци со релевантни институции (АМС, Влада, ЗЕЛС, Општини) за ЗМУМО; | 1.8.2022 - 31.12.2026 |
| **Стратешка цел 2 (2.2): Пилотирање и промовирање на инклузивни и партициаптивни модели на младинско учество** | | |
| **Активности** | **Индикатори** | **Временска рамка** |
| 1. Формирање на национална група за Структурен дијалог | Воспоставена национална група за Структурен дијалог;<br>Спроведени најмалку 4 консултации (Структурен дијалог); | 1.1.2023 - 31.12.2026 |
| 2. Регионални младински форуми | Организирани најмалку 24 регионални младински форуми;<br>Вклучени најмалку 60 ЛМС;<br>Вклучени најмалку 30 младински организации; | 1.1.2024 - 31.12.2026 |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 3. Истражување за соодветни начини за вклучување на младите во процесите на креирање политики | Спроведено најмалку 1 истражување;<br>Креиран и пилотиран најмалку 1 модел за вклучување на млади; | 1.1.2023 - 31.12.2024 |
| 4. Поддршка и промоција на Локалните младински совети | Воспоставена соработка со најмалку 50 ЛМС;<br>Спроведени најмалку 10 активности заеднички со ЛМС;<br>Спроведени најмалку 5 кампањи за работата на ЛМС (најдобри практики и позитивини примери); | 1.1.2023 - 31.12.2026 |
| 5. Продлабочување на соработката со Клубот за младински прашања и младински политики преку организирање на квартални средби со организациите членки за заеднички иницијативи | Најмалку 18 состаноци со клуб на млади пратеници; ќ<br>Најмалку 40 организации членки вклучени;<br>Најмалку 10 иницијативи предложени; | 1.9.2022 - 31.12.2026 |
| **Стратешка цел 3 (2.3): Позиционирање на НМСМ и организациите членки како релевантни чинители за претставување и застапување на потребите на младите** | | |
| **Активности** | **Индикатори** | **Временска рамка** |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 1. Соработка со пратеничките групи и клуб за млади пратеници | Најмалку 10 состаноци со клуб на млади пратеници и/или други пратенички групи;<br><br>Најмалку 3 иницијативи на НМСМ поддржани од пратенички групи; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 2. Иницијативи спроведени во соработка со пратенички групи | Најмалку 3 иницијативи законски измени и младински политики спроведени заедничи со пратенички групи; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 3. Учество во работни групи на институции | Претставници на НМСМ вклучени во најмалку 5 работни групи за младински политики/закони во институции; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 4. Вклучување на организации членки во работни групи | Најмалку 10 организации членки на НМСМ вклучени во најмалку 10 работни групи за младински политики во национални/локални институции; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 5. Кампањи за застапување | Најмалку 5 кампањи за застапување за младински политики; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 6. Истражувања за потребите на младите | Најмалку 5 истражувања за различни потреби на млади;<br><br>Најмалку 50 младински организации вклучени;<br><br>Најмалку 6000 млади испитаници; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |

Национален младински совет на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 7. Организирање на Владина младинска седница | Организирана 1 владина младинска седница годишно;<br><br>Претставени најмалку 10 младински иницијативи на секоја седница; | 1.8.2022 - 1.9.2022<br>1.8.2023 - 1.9.2023<br>1.8.2024 - 1.9.2024<br>1.8.2025 - 1.9.2025<br>1.8.2026 - 1.9.2026 |
| 8. Поддршка при креирање на Локални стратегии за млади; | Најмалку 30 организации членки на НМСМ вклучени во процесотн на креирање на Локални стратегии за млади;<br><br>Најмалку 10 локални стратегии за млади креирани со поддшка од НМСМ; | 1.1.2023 - 31.12.2026 |
| 9. Национална стратегија за млади | Евалуација на имплементацијата на Национална стратегија за млади;<br><br>Најмлаку 30 предлози за Национална стратегија за млади;<br><br>Најмалку 5 претставници на НМСМ вклучени во креирањето на Национална стратегија за млади; | 1.8.2022 - 31.3.2024 |
| **Стратешки приоритет 3 – Зајакнување на општествената положба на младите и унапредување на младинскиот стандард и младинските права** | | |
| **Стратешка цел 1 (3.1.) Поддршка и креирање на можности за личен и професионален развој на младите** | | |
| **Активности** | **Индикатори** | **Временска рамка** |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 1. Програма за практикантство во младински организации | Креирана програма за практикантсво во младински организации;<br><br>Креирана база на млади практиканти;<br><br>Вклучени најмалку 30 младински организации во програма за практикатство;<br><br>Вклулчени најмалку 60 млади во програма за практикатство; | 1.1.2023 - 31.03.2025 |
| 2. Програма за градење на вештини кај млади (обуки за претприемништво, кариерно советување, вклучување на пазар на труд, саеми, практикантство и други активности) | Креирана програма за градење на вештини на млади;<br><br>Спроведени најмалку 15 обуки;<br><br>Вклучени најмалку 300 млади;<br><br>Спроведени најмалку 5 настани за поврзување на млади баратели на работа со работодавачи;<br><br>Воспоставена соработка со најмалку 15 компании; | 1.9.2022 - 31.12.2025 |
| 3. Поддршка за психо-социјален развој на млади | Поддржани најмалку 100 млади; | 1.9.2022 - 31.12.2025 |

Национален младински совет на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 4. Креирање на акциски план за вработување на млади 2022-2025 | Креиран акциски план за вработување;<br><br>Воспоствена соработка со МТСП и АВРМ;<br><br>Вклучени најмалку 10 организации членки при креирање на планот; | 1.6.2022-31.03.2023 |
| 5. Креирање на crowdfunding платформа за финансирање на иницијативи за младинско социјално претприемништво | Креирана 1 платформа;<br><br>Прибрани најмалку 50.000 евра за поддршка на социјални претпријатија преку платформата; | 1.6.2022-31.03.2025 |
| 6. Мониторинг на политиките и програмите за вработување на млади (Оперативен план, Младинска гаранција итн.) | Годишен мониторинг на имплементацијата на планот за вработување;<br><br>Годишен мониторинг на имплементацијата на Младинска гаранција;<br><br>Најмалку 10 состаноци со МТСП и АВРМ за евалуација на програмите за вработување на млади;<br><br>Дадени најмалку 10 препораки за подобрување на програмите за вработување на млади; | 1.6.2022-31.12.2026 |

Национален младински совет на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 7. Застапување за унапредување на политиките за психо-социјален развој кај млади (политки за вработување, образовни политики, здравствени политки итн) | НМСМ вклучен во најмалку 3 процеси за креирање на политики за психо-социјален развој на млади;<br><br>Најмалку 3 консултации со организации членки за политики за психо-социјален развој на млади;<br><br>Мониторинг на политиките за психосоцијален развој на млади;<br><br>Креирани и имплементирани најмалку 10 препораки за унапредување на политиките; | 1.6.2022-31.03.2026 |

**Стратешка цел 2 (3.2.) Олеснет пристап на младите до информации за нивно активно учество во оштествените процеси**

| Активности | Индикатори | Временска рамка |
|---|---|---|
| 1. Промоција на платформата млади.мк | Најмалку 5 промотивни капмпањи на платформата млади.мк; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 2. Подготовка на прирачник за комуникација на млади за институции | Подготвена анализа за најсоодветните канали за комуникација на млади;<br><br>Подготвен прирачник за институции; | 1.1.2024-31.12.2024 |
| 3. Средби со младинските службеници за зајакнување на нивните капацити | Најмалку 5 средби со младински службеници;<br><br>Зајакнати капацитети на најмалку 50 младински службеници; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 4. Промоција на активности на организации членки (неформално образование, можности за волотирање...) | Промотивини кампањи на најмалку 500 активности на организации членки преку платформите на НМСМ; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 5. Изработка на прирачници за млади (здравство, образование, социјални услуги, политики итн.) | Изработени најмалку 3 прирачници; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| 6. Следење на постоечки механизми за младинско информирање имплементирани од регионалните НМС и ЕУ и нејзините институции и прилагодување и пилотирање на истите. | Најмалку 5 состаноци со НМС од други земји за размена на искуства за младинска информираност;<br>Најмалку 1 механизам пилотиран; | 1.1.2022 - 31.12.2026 |
| **Стратешка цел 3 (3.3) Поддршка и заштита на младите во остварувањето и унапредувањето на нивните права** | | |
| **Активности** | **Индикатори** | **Временска рамка** |
| 1. Организирање на обуки за основни човекови права | Организирани најмалку 3 обуки за млади за основни човекови права;<br>Вклучени најмалку 60 млади на обуките; | 1.1.2024 - 31.12.2026 |
| 2. Промоција на концептот на младински права | Најмалку 2 промотивни кампањи за концептот на младински права; | 1.6.2023 - 31.12.2025 |

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

| | | |
|---|---|---|
| 3. Иницијатива за заштита на правата на младите | Спроведени најмалку 3 инцијативи; | 1.6.2023 - 31.12.2026 |
| 4. Промоција на можности за млади | Креиран план за следење и промоција на можности за млади на други организации и институции;<br><br>Newsletter со можности за млади; | 1.1.2023 - 31.12.2026 |
| 5. Застапување за креирање на законот за младинслки стандард | НМСМ вклучен во работна група за законот за младински стандард;<br><br>Најмалку една кампања за застапување за законот за младински стандард; | 1.1.2023 - 31.12.2026 |
| 6. Мониторинг и креирање на препораки за доследна имплементација на законот за младински стандард | Спроведен најмалку 1 мониторинг на Законот за младински стандард;<br><br>Креирани најмалку 5 препораки; | 1.6.2024-31.12.2026 |